Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-527/1

Датум 11-02-2022

## ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 16.12.2021 година (вторник) во 09:00 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1001/1 од 12.02.2020 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Велес.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со претседателката на судот Лидија Димова во врска со реализација на обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Комисијата констатира дека Судот е реновиран и условите за работа за сите вработени се одлични.

Претседателот на судот истакна дека од 18-те предвидени судиски места, во моментот се пополнети 14 места, двајца судии се заминати во пензија и двајца се делегирани на работа во други судови. Судски службеници има вкупно 54. Кадарот во судските писарници е возрасен, пред пензија и неопходно е вработување на лица за судската писарница да може да се обучат пред заминувањето на сегашните уписничари во пензија.

Сите влезни документи се скенираат освен записници за прекршоци од увид на лице место од причина што истите се многу бледи и не може да бидат скенирани.

За време на пандемијата судот по електронски пат примал иницијални акти, на трошок на судот ги принтал и доставувал до другата страна на одговор. Побараа законски да се уреди прашањето кој треба да ги сноси трошоците за принтање и хартија во вакви случаи.

Во Основниот суд Велес функционира електронското издавање на потврди од казнената евиденција, но не и издавањето на потврди од кривична евиденција за што е


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

неопходно е да се направи софтвер кој ќе овозможи електронското издавање на потврди од кривична евиденција. Имено, издавањето на ваквите потврди се врши рачно по поднесено барање, воедно се касни со внесувањето на податоци за подигнат обвинителен акт за кој временски период од неколку дена, обвинетиот може да извади потврда дека против него нема подигнат обвинителен акт.

Не е решено прашањето со автоматска распределба на оставински предмети до нотари, истата се врши рачно, но постои можност ако се поднесени повеќе предлози за отварање на оставина на ист оставител предметите да се доставаат до повеќе нотари. Од таа причина во судот оставините се заведуваат на име на оставителот и АКМИС системот автоматски врши препознавање на предметите кои потоа се спојуваат со основниот.

Претседателката истакна дека предметите во судот тековно се архивираат. Комисијата влезе во архивата која се наоѓа во подрумскиот простор, просторот е реновиран, предметите се сите наредени во железни шкафови, редовно се врши лачење на предмети, а списите кои се оставени за ништење се одвоени и стојат во ходниците.

*СЕ ПРЕПОРАЧУВА: Железните ормани со предмети да се држат затворени, согласно намената, и по често да се врши ништење на списите.*

Во судот постојат два судски оддели еден граѓански кој има шест судии и еден кривичен со седум судии.

Надзорната комисија ја побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1.Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.**

Надзорната комисија беше информирана, дека Работно тело за управување со движењето на предметите во Основниот суд Велес е формирано со Одлука и се менува во случај на персонални промени. Увид во Одлука Су-04 бр.4/18, Су.бр.2/19 и Су.бр.5/20.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и сспречување на застој во движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021**

Годишен план за управување со движењето на предметите за контролираниот период е исто така донесен и во него се врши анализа за причините за создавање на заостаток, причини за нерешени предмети како и план за нивно надминување. На увид на Надзорната комисија и беа доставени Годишни планови за управување со движењето на предметите во судот заведени како СУ.бр.21-1/18, СУ.бр.17-1/19 и СУ.бр.21-1/20. Наведените акти се изготвени и заведени во АКМИС.

**3. Внатрешни процедури за управување со движењето на предметите во судот.**

Надзорната комисија беше известена дека истите се носат секоја година и се многу корисни бидејќи во нив се пропишуваат процедура за многу дејствија кој се појавуваат во праксата на судот и со тоа се обезбедува воедначена работа по одредени работи. Истите се носат истовремено со Годишниот план за управување со движењето на предметите и носат ист архивски број, заведени кроз 2.

**4.Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека претседателот редовно врши надзор над навремено извршување на работите во судот како и на работата на нотарите и судската полиција.

**5. Утврден список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник.**

Судот донесува список на кориснички групи и секој корисник се најавува на системот со свое Корисничко име и лозинка, за контролираниот период. Од причина што ЗУДПС предвидува донесување на ваков список, но не ги предвидува елементите кои истиот задолжително треба да ги содржи **се предложи истите да се предвидат со**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Судскиот деловник за што да се извести работната група која работи на истиот. Увид во Список Су-07 бр.1/18, Су-07 бр1/19, Су-07 бр 2/20.

**6. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд во Велес за 2019, 2020 и 2021 година.**

Надзорната комисија беше известена, дека Апелациониот суд Скопје секоја година врши надзор над работата на Основниот суд Велес освен за периодот на пандемијата. Надзорната комисија изврши увид во Извештај на Апелациониот суд Скопје од извршената посета и надзор над работењето на Основниот суд Велес СУ.03-1179/17 од 01.10.2018 година и Извештај од извршени посети и надзор над работењето на Основниот суд Велес СУ.03-639/18 од 05.11.2019 година.

**7. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Седница на судии се одржува секој месец, а понекогаш по потреба и почесто. Од извршениот увид во Записниците од одржани седници на судиите на месечно ниво во 2018, 2019 и 2020 година се констатира, дека во Основниот суд Велес се изготвени записници од одржани седници на месечно ниво со судии, нотари и судска полиција.

**8. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС-от на вработените врши информатичарот во судот. Беше истакнато, дека во судот немало организирана и систематска обука на вработените за работење на АКМИС системот.

**9. Судски администратор (член 60 од СД)**

Во Основниот суд Велес има судски администратор, Сузана Варналиева.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**10. Достава на Извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд.**

Надзорната комисија беше информирана, дека извештај за реализација на програмата за работа се доставува до Судскиот совет, но истиот не доставувал никакви коментари.

**11. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети (174 СД)).**

Надзорната комисија беше известена, дека во Судот се донесени внатрешни процедури за управување со движење на предметите, при што на увид беа доставени три акти кои се однесуваат на контролираниот период и тоа: СУ бр.21-2/18, СУ бр. 17-2/19 и СУ бр.21-2/2020 година.

**12. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат).**

Во судот има формирано два судски оддели граѓански и кривичен.

**13. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД).**

Надзорната комисија беше информирана, дека е определен судија задолжен за следење на судска практика.

**14. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2018, 2019 и 2020 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД).**

Годишните распореди на судии ги носат на седница на судии до 31 декември. За контролираниот период во судот изготвени се Записници од одржана расправа за Предлог за годишен распоред и поединечно гласање од сите судии, по што е донесен распоредот за работа (СУбр-04 бр. 130/17/17 од 28.12.2017 година, Су-04 бр.120-10/18 од 28.12.2018 година и СУ-04 бр.130-11/19 од 30.12.2019 година). Измените на годишните распореди се вршат исклучиво по законски основ и тоа заради зголемен прилив на одреден вид на предмети, подолго отсуство на судија заради боледување и заради подобра организација и работа на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Од документацијата дадена во прилог може да се заклучи дали измените и дополнувањата на Годишниот распоред за работа се вршени според членот 88 став 3, од Законот за судовите.

**15. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година (116).**

Надзорната комисија констатираше, дека во Основниот суд во Велес се прави план за дежураства и истиот е внесен во АКМИС системот. Увид во Распоред: Су-04 бр.23/20 од 03.03.2020.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД).**

Судот располага со огласна и електронска табла која е во функција и е поставена на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**

Претседателот на судот ја информираше Комисијата, дека со одлука на судот судијата Габриела Гајдова е определена за портпарол на судот, односно за одговорно лице за односи со јавноста.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, (член 89 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека автоматска распределба и прераспределба на предметите се врши од страна на уписничарите во судот. Итните предмети се распределуваат веднаш, а останатите во 14.00 часот.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2018, 2019 и 2020 година (175 став 5 СД).**

Исклучување на судија од АКМИС-от се врши со образложена одлука за причини за исклучување и со назнака предметот да биде повторно распределен преку АКМИС


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

системот. Исклучувањата се вршат доклку судијата е отсутен подолго од пет работни дена, но не се врши исклучување за време на годишни одмори бидејќи се врши распределба на тековни предмети, а итните се распоредуваат на дежурните судии. Повторно вклучување се врши со одлука на претседателот на судот.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

На членовите на надзорната комисија им беа доставени на увид месечните извештаи на Работното тело од кои беше констатирано дека истите се доставуваат до претседателот на судот редовно (пр.СУ-07 бр.17-2/18, Су-07 бр.23-2/19, Су-07 бр.24-2/20).

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2018, 2019 и 2020 година.**

Изземањето на судија се врши со Решение кое е образложено, по што преку АКМИС-от се прераспределува предметот.

По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија, преку АКМИС системот.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2018, 2019 и 2020 година (член 115 СД).**

Надзорната комисија констатира, дека се носат планови за годишен одмор за судиите. На увид на Надзорната комисија беше доставен Распоред за дежурства на судиите за периодот кога судот не работи за време на судската ферија од 15.07.2018 година до 15.08.2018 година.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2018, 2019 и 2020 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба: К, КУК, УО, ВПП2, РО, КСП, КС, МАЛВП, ВПП, ПЛ, ПОМ, КПОВ, Л, МАЛВТС,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ВПП1, ПСО, ОДС, ПЛ-ТС, ППНИ, ТС, ЗАМ-С, П1, П2,П3, ПЛ1-П, ПИ, ИЗС, ПЛ1-ТС, ПРК-Ј, ПРК-С, ПРК-О, О1, П4, ТС1, ПЛЖ, РВПП, К-ООА, П5, МАЛВПЛ1-П, МАЛВПЛ1-ТС, ПРК-ПОВ, КС-КР.

Но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: ЕК, ИСАМ, ИКП, КУИКМ, ИОИП, ИПРК, КСМ, КМ, УОСК,К-ПП, КУИКП, КПМ,ПК, ПРК-М, ПСО1, КРМ , СТ, УО-КМ, КНЗД, ЗАМ-К.

Претседателот на судот постапува по следните уписници: СУ, СУ-ИЗЗ, УПП, ИДС, О, СПИ.

Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија со годишниот распоред за работа.

**24. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на информатичка опрема со која располага Основниот суд во Велес.

Серверот во судот е од 2010 година со застарени перформанси и недоволен капацитет за непречено функционирање на АКМИС системот. Исто така, беше нагласена потребата за замена на дел од информатичка опрема во поглед на пресонални компјутери и скенери со кои располага судот. Backup на АКМИС системот се прави секој работен ден на NAS storage, а потоа се архивира на екстерен диск.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от, скенирањето на влезните документи, тонското снимање на рочиштата во судот и останатите ИКТ услуги воведени во судовите.***

**25. Скенирање на влезни документи.**

Надзорната комисија беше информирана, дека се врши скенирање на сите влезни документи кои се однесуваат на предметите во работа меѓу кои и доказите. Судот располага со 3 скенери. Не се скенираат само доставниците во судот.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14:00 часот.

Итните предмети се распределуваат веднаш. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

**27. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб портал во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал.

Бројот на анонимизирани одлуки објавени на веб-порталот на судот за 2018 година е 1804, за 2019 година е 1368 и за 2020 година 195 анонимизирани одлуки од причина што согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите од 16.02.2020 година на веб страната на судот се објавуваат само правосилните судски одлуки.

**28. Електронски прием на предмети од страна на судиите.**

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно. Беше истакнато дека нема никакво задоцнување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**29. Уписници што се водат во хартиена форма.**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Велес сите уписници се водат електронски.

Увидот заврши на ден 13.07.2021 година во 14.00 часот.